ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1109/7
20-08-2024

Врз основа на членот 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година, ја донесе следната :

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-4966/1 од 15.11.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-4966/1 од 15.11.2021 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-4966/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ---------- во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управен одбор -------------, не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10.2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1, 4, 7 и 9 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023), Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

прекршокот. Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот. По секој прекин застарувањето започнува повторно да тече.

Во конкретниот случај, на лицето ------------ е разрешена од функцијата член на Управен одбор на --------- на ден 04.08.2021 година и согласно со чл.82 ст. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истата имала обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на разрешувањето да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Имајќи предвид дека од денот на последното процесно дејствие преземено за гонење на сторителот на прекршокот се изминати повеќе од две години, за кој временски период не било преземено ниту едно дополнително процесно дејствие, настапила релативна застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе, ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Изготвил:** К.Б соработник
**Контролирал:**
**Одобрил:** С.С.М, член

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup

**Претседател,**
**Татјана Димитровска**